Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св.Климент Охридски
Бр. 01-312/2
12.04 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17, став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014. 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 143/2019 и 14/2020), член 110 став 1 т.13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021)), и член 57, став 1, точка 13 од Статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (Универзитетски гласник број 462/2019), Наставно – научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на седницата одржана на 6.4.2023. година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“ - Скопје (Анекс број 6)

### Член 1

Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (Универзитетски гласник број 605/2022), заверен под архивски број 02-56/15 од 12.1.2022 година, (во натамошниот текст: Правилникот), член 6 се менува и гласи:

„Во овој Правилник се утврдени и се опишани вкупно 40 (четириесет) систематизирани извршители на наставниот кадар, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешната организација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од кои пополнети се 37 (триесет и седум) работни места. Работните места на наставниот кадар се распоредени на следниов начин

| Ниво | систематизирани | пополнети |
|---|---|---|
| А1 | 26 | 26 |
| А2 | 5 | 5 |
| А3 | 5 | 5 |
| В1 | 4 | 1 |
| **ВКУПНО** | **40** | **37** |

“.

**Член 2**

Во глава IV Табеларен приказ на работните места на наставниот кадар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, реден број 04 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 04 |
| **Шифра** | ОБН 03 02 В01 001 |
| **Ниво** | В/В1 |
| **Звање** | **Асистент** |
| **Назив на работното место** | **Асистент** |
| **Број на извршители** | 4 |
| **Вид на образование** | Втор циклус – магистерски студии |
| **Општи услови** | Согласно со Законот за високото образование |
| **Други посебни услови** | Согласно со Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје |
| **Работни цели** | остварување високообразовна, научна и применувачка дејност. |
| **Работни задачи и обврски** | -подготвување и изведување вежби;<br>-учествување во други облици на наставна работа, утврдени со студиските програми;<br>-учествување во изведувањето приемни испити, континуирана и завршна проверка на знаења, како и други форми на проверка на знаењата;<br>-вршење прием (консултации) на студенти;<br>-објавување научно-стручни трудови;<br>-постојано научно и стручно усовршување;<br>-учествување во научноистражувачки проекти;<br>-презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл.;<br>-учествување во работата на органите, комисиите и другите работни тела на Факултетот;<br>-вршење други педагошки обврски и работи утврдени со закон, колективен договор или со акт на Универзитетот и Факултетот. |
| Одговара пред: | Раководител на институт |

**Член 3**

Прилог 1 се менува и гласи:

| Табеларен преглед на работни места | | |
|---|---|---|
| **Ниво – наставен кадар** | **Систематизирани работни места** | **Пополнети работни места** |
| А1 | 26 | 26 |
| А2 | 5 | 5 |
| А3 | 5 | 5 |
| В1 | 4 | 1 |
| **ВКУПНО** | 40 | 37 |

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник, а ќе се објави по добиената согласност од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Декан,**
**Проф. д-р Емиљ Сулејмани**